**АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО** **Т.1**
**РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА**
**С К О П Ј Е**

# ИЗВЕШТАЈ

## НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА-СКОПЈЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО ВО ДЕЛОВНАТА 2016 ГОДИНА

**Скопје, март, 2017**

# ИЗВЕШТАЈ
## НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА - СКОПЈЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО ВО ДЕЛОВНАТА 2016 ГОДИНА

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

Акционерското друштво е запишано во Трговскиот Регистар во рамките на Централниот Регистар на РМ со целосен назив: Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА – Скопје, со скратен назив: АД РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје, со седиште на Бул. 3-та Македонска бригада бб, општина Аеродром, Скопје и ЕМБС 4053222.

Приоритетна дејност на Друштвото е под шифра 64.20 - Дејности на холдинг друштвата.

Вкупната главнина на Акционерското друштво изнесува: 5.155.750 ЕВРА

## АКЦИОНЕРСКА КНИГА

На ден 31.12.2016 година во Акционерската книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност состојбата е следна:

ИСИН број МКРАДЕ101010
Вкупен број на акции: 206.230 обични акции и номинална вредност на акцијата: 25 евра.

- Вкупен номинален капитал 5.155.750 ЕВРА
- Од увидот во Акционерската книга која се води во Централниот депозитар за хартии од вредност во групата која се води како акционери со непотполни податоци (неидентификувани) има вкупно 465 акции што претставува 0,225% од вкупниот број на акции.
- Број на иматели на акции заклучно со 31.12.2016 година изнесува 656.
- Број на сопственички позиции 660.

## ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРИХОДИ

Главните приходи Акционерското друштво во текот на 2016 година ги оствари преку:
- Дивиденда од удел во друштвата во Раде Кончар во кои АД има влог
- Дивиденда од хартии од вредност (акции) во други друштва
- Издавање на деловен простор
- Услуги на друштвата во рамките на Раде Кончар
- Приходи од реализирани и наплатени судски предмети

**-Друштва од кои во текот на 2016 година се остварени приходи од дивиденда**

Во текот на 2016 година остварени се приходи од дивиденди во износ од 8.852.019 денари, со распределба на добивката од 2015 година и тоа од друштвата:

| | **Денари** |
|---|---:|
| ДОО Раде Кончар-Контактори и релеи | 2.460.000 |
| ДОО Раде Кончар-Заеднички Дејности | 2.718.457 |
| ДОО Раде Кончар-Сервис | 1.380.037 |
| Комерцијална Банка АД Скопје | 1.816.125 |
| Тутунска Банка АД Скопје | 477.400 |
| **Вкупно** | **8.852.019** |

Напомнуваме дека ДОО Раде Кончар-Сервис и поправки на електрични производи Скопје, за прв пат после пет години, подели дивиденнда и тоа во минималниот износ од 50%, согласно Договорот на Друштвото, иако ова Друштво заклучно со 2015 година има вкупно акумулирана добивка од 88.089.000 денари.

**-Друштва од кои за деловната 2015 година не се остварени приходи од дивиденда**

ДОО Раде Кончар - Сервис и поправки на електрични производи е единствен основач на ДООЕЛ Раде Кончар – ТЕП. Остварената добивка за деловната 2015 година во износ од 37.506.686,00 денари ДООЕЛ Раде Кончар - ТЕП воопшто не ја распредели на основачот ДОО Раде Кончар - Сервис и поправки на електрични производи, што всушност и ова друштво перманентно не ја распределува добивката на основачот веќе неколку години по ред и заклучно со 2015 година има вкупно акумулирана добивка од 184.389.000 денари.

**-Во 2016 година поголем дел од деловниот простор, сопственост на АД Раде Кончар-Апаратна техника- Скопје, се издаваше под закуп.**

**-Во текот на 2016 година Друштвото приходуваше по основ на наплатени судски предмети и тоа :**
-Предмет П1 4540/10 , од кој е наплатен износ од 8.969.098,00 денари
-Предмет ТС бр.664/13 од кој е наплатен износ од 12.552.420,00 денари на име главен долг и припадна законска камата.

Од средствата добиени по основ на исплатена дивиденда од горенаведените друштва, како и од средствата добиени од издавање на деловниот простор и од наплатените судски предмети, АД Раде Кончар - Апаратна техника ја одржа ликвидноста на друштвото, а ги подмири сите тековни трошоци, давачки спрема државата, исплати дивиденда на акционерите на АД, како и ги затвори сите побарувања од друштвата во кои имаше свои влогови.
По подмирувањето на сите горни обврски од остатокот на средства, Акционерското друштво вложи средства во купување на нови хартии од вредност ( 3 471 акции од Комерцијална банка ).

## ПОЛИТИКИ НА ВЛОЖУВАЊЕ

Искуството и изминатиот период покажаа дека тргувањето на АД на Македонската Берза за хартии од вредност издадени од неколку поголеми акционерски друштва не може да придонесува за континуирано непречено приходување на друштвото, па од тие причини АД во иднина ќе се стреми да го дисперзира вложувањето во различни профитабилни хартии од вредност, како и други активности од кои друштвото ќе приходува, а сé со цел да се намали и ризикот на остварување загуби.

Друштвото покрај вложувањата во хартии од вредност, го откупи и земјиштето што му припаѓа на сопствениот објект на друштвото и доби имотен лист како сосопственик со ДОО РИ Енергетика-Скопје.

## ПОЛИТИКА НА ДИВИДЕНДИ

И покрај условите во кои работеше друштвото во 2016 година, друштвото ги реализираше своите обврски, вклучувајќи ја и исплатата на дивиденда на акционерите. Одборот на директори се стреми да изнајде и други извори на приход со цел да го зголеми капиталот на друштвото, а воедно да остварува и поголеми добивки, како и да одржи континуитет во досегашниот начин на приходување од дивиденда од друштвата во кои АД има свои удели.

Досегашната наплата на дивиденда од друштвата во склоп на Раде Кончар, во кои АД има свои удели, одеше отжнато од причини што друштвата ДОО Раде Кончар-Сервис и ДООЕЛ Раде Кончар-ТЕП, во претходните години не ја исплаќаа дивидендата.
Динамиката на исплата по години од друштвата во склоп на Раде Кончар, за период од 2000 година до 2016 година може да се види од табеларниот преглед на исплата на дивиденда :

ДИВИДЕНДА ОД ДРУШТВАТА ВО ХОЛДИНГОТ **РАДЕ КОНЧАР** ПЛАТЕНО ВО **АД РАДЕКОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА** СКОПЈЕ

| | години | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| друштво | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 |
| Контактори | 3.149.513 | 5.620.667 | 8.374.770 | 8.451.970 | 5.706.893 | 5.044.378 | 5.119.495 | 9.119.495 | 4.421.060 | 4.296.708 |
| Сервис | 0 | 885.846 | 0 | 562.855 | 590.085 | 1.533.526 | 1.130.084 | 1.072.649 | 894.422 | 1.286.343 |
| ТЕП | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.529.893 |
| Заеднички дејности | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 696.636 | 1.257.400 | 764.592 | 1.007.713 |
| **Вкупно** | **3.149.513** | **6.506.513** | **8.374.770** | **9.014.825** | **6.296.978** | **6.577.904** | **6.946.215** | **11.449.544** | **6.080.074** | **9.120.657** |

| | години | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| друштво | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | **СЕВКУПНО** |
| Контактори | 1.200.000 | 936.000 | 2.367.050 | 2.400.000 | 2.696.000 | 1.600.000 | 2.460.000 | **72.963.999** |
| Сервис | 2.503.908 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.380.037 | **11.839.755** |
| ТЕП | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **2.529.893** |
| Заеднички дејности | 600.000 | 600.000 | 1.795.115 | 1.168.373 | 1.800.000 | 2.383.656 | 2.718.457 | **14.791.942** |
| **Вкупно** | **4.303.908** | **1.536.000** | **4.162.165** | **3.568.373** | **4.496.000** | **3.983.656** | **6.558.494** | **102.125.589** |

Доколку друштвото успее да оствари поголеми приходи во наредниот период (остварување на поголеми приходи по основ на дивиденда од друштвата во кои има акции и удели, а особено од реализација на судски предмети, евентуална продажба на објектот, остварување на капитална добивка и следствено на тоа остварување на поголема добивка), Одборот на директори ќе се залага за распределба на поголема дивиденда на акционерите.

## ИЗГЛЕДИ ЗА ИДЕН РАЗВОЈ

Својата долгорочна политика друштвото ја носочува кон оплодување на капиталот и приходување на средства кои ќе се вложат во пласман на капитал, како и во развивање нови дејности. Дополнително друштвото очекува зголемување на приходите и по друг основ како што е издавање на целиот деловен простор или евентуална негова продажба, како и реализација на судски предмети.

Како и во претходната година, и во 2016 година исто така се правеа огромни напори да се издаде неиздадениот дел од деловниот простор, но се наиде на потешкотии поради слабата заинтересираност на клиентите за закуп на деловниот простор. АД и понатаму ќе прави максимални напори во овој правец, а како крајна солуција и евентуална продажба на истиот.

## ПРИМАЊА НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ ВО 2016 ГОДИНА

Во деловната 2016 година Извршниот директор примаше нето плата од 1000 евра на месечно ниво, а неизвршните членови на Одборот на директори примаа награди согласно одлуката на Собрание на акционери бр. 02-79 од 20.06.2013 година.

## ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2016 и 2015 ГОДИНА

Во рамките на работењето на АД Раде Кончар-Апаратна техника, во деловната 2016 година како и во однос на претходната година ,постигнати се следните резултати :

| | **2016** | **2015** |
|---|---:|---:|
| Добивка пред оданочување | 6.123.954 | 2.080.331 |
| Данок на добивка | - | - |
| **Нето добивка за финансиска година** | **6.123.954** | **2.080.331** |

## 1. БИЛАНС НА УСПЕХ НА 31.12.2015 ГОДИНА

| **О П И С** | **2016** | **2015** |
|---|---:|---:|
| **Приходи од работењето** | **11.303.112** | **4.120.162** |
| - Приходи од услуги | 1.634.548 | 2.336.099 |
| - Останати приходи | 9.668..564 | 1.784.063 |
| **Расходи од работење** | **15.827.696** | **6.224.426** |
| - Трошоци за материјали и енергија | 172.632 | 122.723 |
| - Услуги | 696.891 | 517.018 |
| - Бруто плати | 1.440.934 | 1.285.353 |
| - Амортизација | 1.021.387 | 1.017.303 |
| - Останати трошоци од работење | 12.495.852 | 3.282.029 |
| **Финансиски приходи** | **10.713.246** | **4.549.550** |
| - Приходи од дивиденди | 8.852.019 | 4.534.656 |
| - Приходи од камати | 1.861.227 | 14.894 |

| | | |
|---|---:|---:|
| **Финансиски расходи** | **64.708** | **364.955** |
| - Расходи од камати | 64.708 | 364.955 |
| **Добивка пред оданочување** | **6.123.954** | **2.080.331** |
| - Данок од добивка | - | - |
| **Нето добивка за деловна година** | **6.123.954** | **2.080.331** |

Структурата на капиталот на АД Раде Кончар-Апаратна техника на 31.12.2016 година е следната:

## 2. КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ

| | **2016** | **2015** |
|---|---:|---:|
| Запишан капитал | 275.384.866 | 275.384.866 |
| Ревалоризациони резерви | 24.472.024 | 4.918.788 |
| Резерви | 27.285.545 | 27.181.528 |
| Акумулирана добивка | 5.514.900 | 8.123.199 |
| Нето добивка за финансиска година | 6.123.954 | 2.080.331 |
| ВКУПЕН КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ | 338.781.289 | 317.688.712 |

## 3. КОНСОЛИДИРАНА ГОДИШНА СМЕТКА

Согласно чл. 504 став 4 од ЗТД АД Раде Кончар-Апаратна техника изготви консолидирана годишна сметка поради тоа што има капитално влијание во повеќе друштва од Раде Кончар-Скопје.
Годишните сметки на друштвата кои влегуваат во консолидација се одобруваат од Собирите на содружници и се ревидираат од страна на овластен ревизор.
Сите податоци за друштвата се добиени од самите друштва и како такви се внесени во овој Извештај при што самите друштва ја потврдуваат и одговараат за веродостојноста на дадените податоци.
За Друштвото Раде Кончар - Сервис и поправки на електрични производи ДОО Скопје и Раде Кончар - ТЕП ДООЕЛ Скопје и покрај тоа што акционерското друштво писмено се обрати до Раде Кончар - Сервис и поправки на електрични производи ДОО Скопје со цел да добие релевантни податоци кои се однесуваат на работењето и деловните резултати на друштвата во 2016 г., вакви податоци не беа доставени. Од овие причини, за овие две друштва, информираме за остварените резултати согласно добиените податоци од Централниот регистар на Република Македонија по однос на завршната сметка за деловната 2016 г .

### 3.1. Друштва кои влегуваат во консолидираните биланси за деловната 2016 година:

- -АД Раде Кончар-Апаратна техника - Скопје
- -ДОО Раде Кончар-Контактори и релеи - Скопје
- -ДОО Раде Кончар -Заеднички дејности – Скопје

**Број на вработени во Друштвата кои влегуваат во консолидацијата:**

| | **2016** | **2015** |
|---|---:|---:|
| АД Раде Кончар-Апаратна техника | 1 | 1 |
| ДОО Раде Кончар-Контактори и релеи | 186 | 182 |
| ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности | 13 | 14 |
| **ВКУПНО:** | **200** | **197** |

**Остварени деловни резултати за 2016 година по ДОО кои влегуваат во консолидацијата:**

| Друштво | **Нето добивка 2016** | **Нето добивка 2015** |
|---|---|---|
| АД Раде Кончар-Апаратна техника | 6.123.954 | 2.080.331 |
| ДОО Раде Кончар-Контактори и релеи | 744.550 | 139.320 |
| ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности | 5.077.923 | 5.144.069 |
| **ВКУПНО:** | **11.946.427** | **7.363.720** |

**АД Раде Кончар - Апаратна Техника - Скопје** деловната 2016 година ја заврши со позитивни резултати .
Одборот на директори ги сведе трошоците на минимум и работеше економично и рационално.
Акционерското друштво навремено ја исплати дивидендата на своите акционери, редовно ги подмируваше месечните трошоци по однос на плата и награди, услуги, закупнини, даноци и сите давачки согласно закон.

**ДОО Раде Кончар Заеднички дејности** во кое АД Раде Кончар- Апаратна техника има удел од 40% оваа година оствари добивка, но не во износ од предвидената добивка според годишниот план на ДОО усвоен од Собирот на содружници на друштвото. Бруто добивката остварена во 2016 година изнесува 5.597.490,00 денари, од кои вкупно приходи од 22.101.680,00 денари и вкупно расходи од 16.504.190,00 денари, а по намалување на данокот на добивка од 519.567,00 денари, нето добивката изнесува 5.077.923,00 денари.
Вкупните приходи во однос на претходната година се намалени за 5,5%.
Вкупните приходи во однос на планот за 2016 година се намалени за 7%.
Вкупните расходи во однос на 2015 година се намалени за 6%.
Вкупните расходи во однос на планот за 2016 година се идентични со планот.
Бруто добивката во однос на 2015 година е намалена за 3% , а во однос на планот за 2016 година е намалена за 24% и се должи од испразнет и неиздаден цела година деловен канцелариски простор со поголема квадратура кој повлече и трошоци во грејната сазона поради неможноста да се исклучи просторот од системот за греење во управната зграда. Исто така влијание на резултатот има и несоодветното вреднување на трудот за извршени услуги од типот на портирски работи, одржување трафостаници и кадровски работи, поради реорганизирање и осамостојување на друштвата во рамките на Раде Кончар ,како и голема понуда на пазарот и лошите услови за стопанисување. Продолжи и оваа година користењето на основни средства без надомест од друштвата, и тоа на основни средства кои не можат да се одвојат ниту да се ограничи користењето на истите и тоа: патишта, инсталации, ограда и трафостаници. Друштвото перманентно прави напори да го одржи трендот за позитивно работење, да реализира поголема добивка, да го зачува и зголеми капиталот на друштвото и во овие тешки и неповолни економски услови.

**ДОО Раде Кончар - Контактори и релеи** во кое акционерското друштво има удел од 40% , во деловната 2016 година оствари вкупен приход од 228.079.828,00 денари со вкупни расходи од 226.769.877,00 денари и бруто добивка од 1.309.951,00 денари, а по намалување на данокот на добивка од 565.401,00 денари нето добивката изнесува 744.550,00 денари.

Вака намалена добивка за 2016 година се должи пред се поради исплата на побарувања по основ на тужба од страна на АД РАДЕ КОНЧАР - Апаратна техника

Скопје, отпис на побарувања од купувачи, отпис на влогови во ДООЕЛ Алатница и ДОО РК - Алати како и на на намалениот пласман на серискиот програм на бившо југословнските републики каде намалувањето на пласманот е до 15% од планираното и на одредени пазари каде поради воведување на одредени санкции и продолжување на некои, резултатите се лоши.

Со цел подобрување на резултатите на горенаведените пазари се превзедоа активности кои резултираа со отварање на нови пазари кои делумно ја корегираа ситуацијата. Превземените мерки во текот на тековната година со барање на нови купувачи на досега нетрадиционални пазари допринесоа да во текот од годината се реализираат неколку договори за пласман на кондензаторски контактори под други трговски марки кои најавија подобри резултати за следниот период.

И покрај тешките услови на стопанисување Друштвото и оваа година инвестираше во развој на нови производи и редизајн на постојните се со цел да остане конкурентен на пазарот во следниот период. Вкупните инвестиции во 2016 година изнесуваат 6.908.904,00 денари од кои повеќето се во нови алати за нови производи. Во текотна 2016 година се унапреди и развојот на системот за мониторинг на електрична енергија, а резултати од реализацијата кај клиентите даваат до знаење дека ваквите системи се се повеќе барани и можностите за имплементација пред се на македонскиот пазар се големи, како и очекувањата од истиот.

Првземените активности со рационализација на залихите и трошоците придонесоа за подобрување на ликвидноста во исклучително тешките моменти.

Проширувањето на бројот на пазарите во текот на годината, потпишаните повеќегодишни договори со повеќе фирми како и промена на одредени дистрибутери за следната година најавуваат поуспешна година, пред се на т.н. извозни пазари со цел и враќање и обновување на традиционалните купувачи од ЕХ-Ју просторот.

### 3.2. Друштва кои не влегуваат во консолидираните биланси за деловната 2016 година

Во консолидираните биланси за деловната 2016 година не се содржани деловните резултати на друштвата ДОО Раде Кончар - Сервис и поправки на електрични производи и ДООЕЛ Раде Кончар – ТЕП.

Согласно добиените податоци од Централниот регистар на Република Македонија по однос на завршната сметка за деловната 2016 година на ДОО Раде Кончар-Сервис и поправки на електрични производи и ДООЕЛ Раде Кончар-ТЕП ги даваме следните податоци:

- ДОО Раде Кончар - Сервис и поправки на електрични производи во кое акционерското друштво има удел од 33%, во деловната 2016 година остварило вкупен приход од 123.633.486 денари, со вкупни расходи од 121.325.600 денари и остварило бруто добивка од 2.307.886 денари, односно нето добивка од 1.207.439 денари.
- ДООЕЛ Раде Кончар - ТЕП во деловната 2016 година година остварило вкупен приход од 231.791.335 денари, со вкупни расходи од 194.677.916 денари и остварило бруто добивка од 37.113.419 денари, односно нето добивка од 34.924.493 денари.

## 12. СУДСКИ СПОРОВИ - ПОСТАПКИ

### 12. 1. Судски спорови против АД Раде Кончар - Апаратна Техника:

- По тужба од ДОО Раде Кончар - Сервис и поправки на електрични производи против АД по основ на поништување на Одлуката на собрание бр. 02-300 од 21.04.2011 г. за усвојување на консолидирана годишна сметка во која влегува и ДОО Раде Кончар-Сервис и поправки на електрични производи со цел ова друштво да не влезе во консолидација со АД поради немање на преовладувачко учество на АД во ДОО Раде Кончар - Сервис и поправки на електрични производи согласно одредбите на ЗТД. Постапката е прекината поради тоа што се чека исходот од вонпарничната постапка ВПП 100/12 (Предлог за утврдување на постоење односно непостоење на преовладувачко влијание во друштво).

- Од страна на Комисијата за хартии од вредност на РМ доставен е до Основен суд Скопје 2-Скопје, Предлог за утврдување на постоење односно непостоење на преовладувачко влијание во друштво, при што е поведена вонпарнична постапка, а поради барањата доставени од ДОО Раде Кончар-Сервис и АД Раде Кончар-Апаратна техника до КХВ, а со цел да истата се произнесе во поглед на тоа дали треба ДОО Раде Кончар-Сервис да влезе во консолидирана годишна сметка гледано од аспект на КХВ, согласно обврските кои истата ги поставува на акционерските друштва согласно Законот за хартии од вредност.
Овој спор се прекина заради чекање на исходот од парничната постапка за поништување на одлуката на Собрание на акционери за усвојување на консолидирана годишна сметка за 2010 година која ја поведе ДОО Раде Кончар-Сервис. Од причини што парничниот суд инсистираше на тоа да се заврши вонпарничната постапка, ДОО Раде Кончар-Сервис поднесе предлог до вонпарничниот суд за продолжување на прекинатата постапка. На закажаното рочиште од страна на вонпарничниот суд, Предлагачот уредно канет не се јави па вонпарничниот суд донесе решение со кое се утврди дека Предлогот се смета за повлечен.

- По предлог од акционери заведен е судски спор за доставување на копии на акти и документи од страна на акционерското друштво во врска со одржаното собрание на акционери од 20.06.2013 година. Постапката е завршена и Предлогот на предлагачите-акционери е одбиен како неоснован..

### 12. 2 Спорови поведени од страна на АД Раде Кончар - Апаратна техника пред надлежните судови:

- Тужба за истапување на АД како содружник од ДОО Раде Кончар-Сервис и поправки на електрични производи-Скопје, согласно член 207 од ЗТД, поради повреда на содружничките права на АД и тоа пред се поради неисплата на дивиденда и попречување на АД во остварување на своите содружнички права. Вредноста на овој спор преставува вредноста на уделот од 33% (околу 3 милиони Евра) кој Акционерското друштво го има во ДОО Раде Кончар-Сервис и поправки на електрични производи-Скопје. Постапката е во тек.

- Тужба за надомест на штета против управителот на ДОО Раде Кончар - Сервис и поправки на електрични производи по член 241 од ЗТД поради настаната штета со формирање на друштвото Смелт Инг заради извршени набавки преку

ова друштво по енормно високи цени, исплата на неосновано зголемена плата, неосновани исплати по договори на дело, советодавни услуги со ДООЕЛ Раде Кончар-ТЕП и сл. Вредноста на овој спор според тужбеното барање е 23.230.846,00 денари. Овој спор делумно е завршен во корист на Тужитлот и наплатен е износ од 8.969.098,00 денари, а предметот е во Врховен суд по ревизија.

- Тужба поднесена на ден 08.11.2013 година против ДОО Раде Кончар - Сервис и поправки на електрични производи Скопје и ДОО Раде Кончар - Контактори и релеи Скопје, за наплата на регресно побарување врз основа на солидарна одговорност по однос на обврската за ДДВ на ДОО Раде Кончар -Електрични постројки која во износ од 18.828.628,00 денари, наместо Раде Кончар - Електрични постројки ја плати АД Раде Кончар Апаратна техника Скопје, како преставник на поврзано лице, согласно чл.9 - а од Законот за ДДВ. Донесена е првостепена одлука со која се усвојува тужбеното барање, а второстепената одлука со која се потврдува првостепената, е добиена на почетокот во 2016 година.

- Тужба поднесена против управителот на ДОО Раде Кончар-Сервис и поправка на електрични производи и управителот на ДООЕЛ Раде Кончар-ТЕП, за надомест на штета согласно чл.241 од ЗТД, која произлегува од неосновано исплатени плати,награди , договори на дело и други исплати кои произлегуваат од менаџерските договори. Постапката е во тек.

- Тужба поднесена против управителот на ДОО Раде Кончар - Сервис и поправки на електрични производи Скопје и управителот на ДООЕЛ Раде Кончар ТЕП, за надомест на штета во износ од 15.849.186,00 денари, по член 241 од ЗТД која произлегва од продажбата на акции издадени од АД Раде Кончар Апаратна Техника и од Записник на УЈП за извршена надворешна контрола на ДДВ кај ДОО Раде Кончар - Сервис и поправки на електрични производи Скопје. Постапката е во тек.

- Тужба за утврдување на ништовност на одлуки донесени на собирот на содружници на ДОО Раде Кончар - Сервис и поправки на електрични производи за деловната 2012 (одлука за распределба на добивка; одлука за додаток на деловна успешност, одлука за задолжување и заложување и одлука за усвојување на записник), против ДОО Раде Кончар-Сервис и поправки на електрични производи како тужена страна. Постапката е во тек, се чека одлука на судот, која е објавена.

- Тужба за утврдување на ништовност на одлуки донесени на собирот на содружници на ДОО Раде Кончар - Сервис и поправки на електрични производи за деловната 2013 г. (одлуки за распределба на добивка на ДОО Сервис и ДООЕЛ ТЕП, одлука за додаток на деловна успешност на ДОО Сервис и ДООЕЛ ТЕП, одлука за исплата на статутарна награда на управителот на ДООЕЛ ТЕП), против ДОО Раде Кончар-Сервис и поправки на електрични производи како тужена страна. Постапката е во тек.

- Тужба за утврдување на ништовност на одлуки донесени на собирот на содружници на ДОО Раде Кончар - Сервис и поправки на електрични производи за деловната 2014 г. (одлуки за распределба на добивка на ДОО

Сервис и ДООЕЛ ТЕП), против ДОО Раде Кончар-Сервис и поправки на електрични производи како тужена страна. Постапката е во тек.

- Тужба за утврдување на ништовност на одлуките на ДООЕЛ Раде Кончар-ТЕП, донесени од Собирот на содружници на ден 12.07.2016 година. Постапката е во тек.

## 13. ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО

Согласно статутот на АД, членовите на Одборот на директори се со мандат од 1 (една) година, па нормално е да се очекуваат планови на пократки рокови за акционерското друштво.
Со цел акционерското друштво да работи позитивно и да остварува добивка во вакви услови на стопанисување потребно е да се превземат следните мерки:

### 13.1. Ставање на целиот објект - деловна зграда бр. 5 во функција и приходување од изнајмување на деловниот простор

Акционерското друштво ќе продолжи да ги презема потребните активности за изнајмување на целиот објект. Со тоа ќе се овозможи друштвото да приходува во целост од овој објект што значително ќе придонесе во сигурноста на месечните приходи на акционерското друштво.
Од друга страна, на почетокот на 2016 година се заврши постапката за приватизацијата на земјиштето со што ќе се прошири можноста за изнаоѓање на нови начини за приход, пред се продажба на објектот.

### 13. 2 Остварување на приходи од капитална добивка

Акционерското друштво ќе се стреми да остварува капитални добивки на Македонска берза, преку купопродажба на хартии од вредност и остварување на разлика во цена на хартиите од вредност во друштвата кои покажуваат ликвидност и сигурен пораст на своите хартии од вредност, како и изнаоѓање на други начини за остварување на капитални добивки по однос на капиталот кој го поседува АД и има потенцијал за понатамошно искористување и оплодување. Ваквата можност на акционерскто друштво во голема мера ќе зависи и од исходот на судски постапки во кои друштвото е странка, а во случај на позитивен исход и наплата на побарувањата за кои се води спор, друштвото ќе располага со средства кои би можело да се искористат за вакви цели.

### 13. 3 Остварување на приходи од дивиденда од вложени средства во удели и хартии од вредност

Акционерското друштво ќе се стреми вложените средства во хартии од вредност да ги оплодува преку добиената дивиденда и со истата да овозможи пласман во нови хартии од вредност со редовно пратење на финансиските резултати на друштвата во кои има инвестирано. По однос на влогот кој акционерското друштво го има во склоп на друштвата во Раде Кончар, акционерското друштво ќе се залага остварената добивка од 2016 година да се распределува согласно договорите на друштвата.